**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

# УБЕДЛИВО НАЈНЕТРАНСПАРЕНТНА ИНСТИТУЦИЈА ВО РМ ЗА 2013 ГОДИНА

Министерството за финансии речиси сите информации за буџетското и трезорското работење на Министерството за здравство и други информации поврзани со буџетот на државата, ги класифицира како информации со соодветен степен на тајност, при што сите барања доставени од ЕСЕ преку постапката за пристап до информации од јавен карактер ги одби под образложение дека Министерството за финансии ја обезбедува тајноста на податоците за трезорските сметки на јавните институции.

Министерството за финансии е најнетранспарентна институција, односно е институција која негува пракса на континуирано одбивање на поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер поврзани со буџетското и трезорското работење на Министерството за здравство и други информации поврзани со буџетот на државата и воедно објавува само мал дел на информации и документи кои се однесуваат на неговото работење.

Здравствениот дом, Скопје е институција со висок степен на реактивност, но со низок степен на проактивност. Односно, Здравствен дом Скопје е транспарентен само доколку некој побара информација по официјален пат, но е доста затворен кога станува збор за самостојно објавување на информации поврзани со своето буџетско и програмско работење.

Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје се делумно транспаренти во постапката за пристап до информации од јавен карактер и се соочуваат со многу низок степен на проактивна транспарентност (самостојно публикување на информации за програмското и буџетското работење).

## Оценка на нивото на реактивна и проактивна транспарентност на Министерството за финансии, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, ЗД Скопје и Институтот за јавно здравје

| Име на институција | Оценка на нивото на реактивна транспарентност | Оценка на нивото на проактивна транспарентност |
|---|---|---|
| Министерство за финансии | 🔴 | 🔴 |
| Министерство за здравство | 🟡 | 🔴 |
| Фонд за здравствено осигурување | 🟡 | 🟡 |
| Здравствен дом Скопје | 🟢 | 🔴 |
| Институт за јавно здравје | 🟡 | 🔴 |

Во овој документ го прикажуваме степенот на реактивна и проактивна транспарентност на Министерството за здравство, Министерството за финансии, Фондот за здравствено осигурување, Институтот за јавно здравје и Здравствениот дом Скопје. Односно, во овој документ е презентиран степенот на отвореност на овие институции за јавноста во постапка за пристап до информации од јавен карактер и во објавувањето на информации за своето буџетско и програмско работење.

**Реактивната транспарентност** на опфатените институции е измерена преку анализа на секоја водена постапка за пристап до информации од јавен карактер, за секоја институција поодделно. Анализата на постапките е направена по пат на оценка на транспарентноста на секоја институција од аспект на пет параметри, и тоа:

» број на добиени одговори во редовна постапка;
» број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка;
» број на одбиени барања или пак запрени постапки од страна на имателите на информации од јавен карактер;
» број на барања по кои имателите молчеле; и
» просечен период на добивање на одговор на доставени барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и жалбена постапка.

Секој од наведените параметри се разгледува како процент од вкупно доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до секоја од институциите. Добиените проценти се претвораат во оценка/боја утврдена со претходно развиена матрица за оценка, каде:

**0 - не транспарентен / црвено;**
**1 - делумно транспарентен / жолто и**
**2 - транспарентен / зелено.**

Конечната оценка за секоја институција, претставува оценка добиена како просек од поединечните оценки на параметрите наведени во претходниот пасус.

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ

## ЛЕГЕНДА:




**Проактивната транспарентност** на опфатените институции е измерена преку спроведување на постапка за мониторинг на официјалните интернет страници на опфатените институции. Преку постапката на мониторинг го следевме објавувањето или не објавувањето на девет клучни документи и информации кои се однесуваат на работењето на опфатените институции, и тоа: Стратегија за работа; Годишна програма за работа; Предлог буџет; Донесен буџет; Месечни извештаи за програмско и буџетско работење; Полугодишни извештаи за програмско и буџетско работење; Предлог завршна сметка; Донесена завршна сметка и информации за поднесување на барања за пристап до информации од јавен карактер и лица одговорни за координирање на постапката за пристап до информации од јавен карактер. Проактивната транспарентност на опфатените институции е измерена со бодување на објавувањето и не објавувањето на секој од деветте мониторирани документи на официјалните интернет страници.

Секој од документите учествува во вкупниот резултат со различен процент, и тоа:

- со 0 поени се бодува ако нема објавено било кој од документите и информациите кои се предмет на анализа;
- со 5 поени се бодуваат - полугодишните програмски и финансиски извештаи, предлог завршната сметка и информации за поднесување на барања за пристап до информации од јавен карактер и лица одговорни за координирање на постапката за пристап до информации од јавен карактер;
- со 10 поени се бодува предлог буџетот;
- и на крај со 15 поени се бодуваат - стратегијата за работа, годишната програма за работа, донесениот буџет, месечните извештаи за работа и донесената завршна сметка. Вкупниот резултат кој може да го достигне секоја од институциите е 100 поени.

Вкупната оценка на степенот на проактивна транспарентност за секоја од мониторираните институции е утврдена како збир од индивидуалните оценки за секој оценуван документ или информација поодделно.

## ЛЕГЕНДА:




Финансиски поддржано од: Фондација Отворено општество Македонија / Foundation Open Society Macedonia